# АДИНГМАРКЕР П

*Боја за обележување на бетонски и асфалтни подлоги, произведена врз база на синтетички смоли и растворувачи*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Адингмаркер П е наменет за обележување на патишта и патна сигнализација и за декоративна и заштитна подна и ѕидна завршна обработка на бетонски, малтерисани и асфалтни површини. Се користи за површини изложени на атмосферски влијанија, хемиска агресија, како и за механички оптеретени површини, како што се подни обработки во магацини, гаражи, индустриски објекти, рекреативни спортски терени, завршни фасадни обработки кај малтерисани површини, цоклиња на објекти и сл. Адингмаркер П се применува како дел од систем за обработка на пешачки патеки на мостови во комбинација со епоксиден прајмер за влажна подлога Адингпокс 1ПВ.

## СВОЈСТВА

- одлична атхезија за подлогата;
- ја затвара површинската структура на подлогата;
- отпорност на разредени киселини и бази, раствори на соли и минерални масла;
- отпорност на атмосферски влијанија;
- водоотпорен;
- отпорен на абење;
- UV стабилен
- достапен во повеќе бои по RAL.
- едноставна и брза изведба;
- лесен за одржување.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | обоен премаз |
| Густина | EN ISO 2811-1 | 1,7-1,75g/cm³ |
| Вискозитет пред разредување | EN ISO 2431 | отвор d=6mm, t=60s |
| Атхезија за подлогата | EN 1542 | ≥ 2,0MPa |
| Еластичност на премазот | МКС.3.С2.240 | без појава на пукнатини и лупење |
| Индекс на абење | МКС.3.С2.240 | $TA_M$=180mg |
| Отпорност на пролизгување | EN 1436 | 57 SRT единици |
| Отпорност на мраз и соли | МКС.3.С2.240 | без појава на пукнатини и одлепување од подлогата |
| Прионливост на бојата | МКС.Н.С8.059 | степен на лупење "0" |
| Време на сушење на допир, на 20°C | EN ISO 9117 | 10-15min |
| Време на оцврснување, на 20°C | EN ISO 9117 | 20-25min |
| Временски период помеѓу два слоја, на 20°C | - | 120-180min |
| Температура на подлогата и воздухот при вградување | - | 5-35˚C |



АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата треба да биде цврста, сува, чиста, обезмастена, обеспрашена, без присуство на кондезнат и со максимална влажност од 7%. Адингмаркер П е тенок премаз и за да се добие добар декоративен завршен изглед, потребно е завршната обработка на подлогата да биде со фина текстура. Температурата на подлогата,воздухот и на Адингмаркер П, спремен за апликација, треба да биде во граници помеѓу +5°C и +35°C, при релативна влажност на воздухот до 70%. Доколку ова ограничување не се почитува, можна е појава на меури кај аплицираниот премаз.

Асфалтна подлога

Асфалтот на кој се нанесува премазот треба да биде здрав, сув, чист и без прашина. Чистењето од прашина на подлогата треба да се изведе по сува постапка, со воздух под притисок.

Нова бетонска подлога

Бетонската подлога треба да биде здрава, сува, чиста без масти и прашина. Цементното млеко, остатоците од малтер, боја и масло треба да се одстранат механички или со употреба на хемиски средства. Завршно подлогата треба да се исчисти од прашина со индустриска правосмукалка.

Стара бетонска подлога

Здрава и чиста подлога е главен предуслов за постигнување на одлична атхезија. Како и кај новата бетонска подлога, отстранувањето на цементното млеко се врши по механички пат. Пенетрираните маснотии и нечистотии во подлогата треба да се отстранат со детергенти или специјални препарати за таа намена. Доколку постојат оштетувања на подлогата, тие треба да се санираат со соодветни материјали за санација.

Подлога со постоечки премаз

Адингмаркер П може да се нанесе на подлоги со постоечки премаз, само доколку премазот, кој бил користен претходно е доволно цврст и стабилен на растворувачи. Кај овие подлоги, пред нанесувањето на новиот премаз, треба задолжително да се провери адхезијата помеѓу постоечкиот премаз и подлогата за да се утврди дали овие слоеви можат да бидат соодветна подлога за новиот премаз. Доколку адхезијата е слаба, тогаш старите слоеви од боја треба задолжително да се одстранат по механички пат. Доколку адхезијата на постоечките слоеви од боја со подлогата е добра, препорачуваме таа површински да се обработи со шмиргла, да се обеспраши по сува постапка, а потоа да се изработат пробни полиња, каде на одредена површина ќе се нанесе новиот слој на боја.

Напомена:

Постоечки премаз на водена основа и во случај кога е здрав и со добра атхезија за подлогата, мора потполно да се отстрани, пред да се нанесе Адингмаркер П.

Порозна подлога

Во случај кога подлогата е порозна, се препорачува во количината за нанесување на првиот слој од Адингмаркер П, да се додаде околу 50% Декосил. Оваа мешавина не треба дополнително да се разредува. На овој начин се затвара и зајакнува порозната подлога, со што ќе се намали ризикот од невоедначен естетски ефект.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Вградувањето на Адингмаркер П се изведува со четка, ваљак или машински, со распрскување со безвоздушна (airless) пумпа, во 1 до 3 слоја, со сувослојна дебелина на еден нанос од 150-200µ. За нанесување на првиот слој, материјалот се разредува со 3-5% Растворувач П, по што смесата се меша со бавно мешање до потполна хомогенизација. При разредувањето на материјалот, треба да се внимава количината, која ќе биде разредена да одговара на потребната количина за нанесување на еден слој на површината за обработка. Вториот и третиот слој се нанесуваат со разредување до 3%. Временското растојание на апликација помеѓу слоевите, на температура од 20°C изнесува 2-3 часа. Обработените површини треба да се заштитат од силен провев, дожд, мраз и прашина во период од часа. Температурата на подлогата при апликација треба да биде поголема од 5°C.

Напомена:

Водата која содржи соли за одмрзување, може да предизвика губење на сјајот или благо прошарување на бојата кај третираните површини со Адингмаркер П, но тоа не влијае штетно на заштитните карактеристики на премазот.

Машинско нанесување со безвоздушна пумпа:

- притисок (150-200)bar
- дизна (млазница) 6.35; 7.45; 8.45



ADING

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

- агол на прскање: под прав агол во однос на подлогата и на растојание од 20-40cm

## ОДРЖУВАЊЕ

Долговечноста на премазот зависи од правилното одржување. Подот обработен со Адингмаркер П вообичаено може да се чисти со машини со ротациони меки четки со детергенти растворени во вода.

## ПОТРОШУВАЧКА

за два слоја - 0,5-0,6kg/m²

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со Растворувач П веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Адингмаркер П - во лимени канти од 4kg и 20kg
Растворувач П – во лимена канта од 0,9kg, 1kg, 4kg, 9kg, 15kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 5˚C до 30˚C, заштитен од директно сонце, подалеку од извор на топлина и искри.
Рок на употреба: 9 месеци.

## СТАНДАРДНИ БОИ

RAL1018; RAL1023; RAL3016; RAL3020; RAL5012; RAL9003; RAL9004.
Забелешка: Останатите бои од RAL картата можат да се изработат при минимална порачка од 90kg.

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување. При ненадеен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или благо наквасена со Растворувач П, а потоа местото добро да се измие со чиста вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош. Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли и растворувачи.
Пожар: Производот е запалив.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингмаркер П се чистат со Растворувач П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема.


ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk